Врз основа на член 43.26 од Статутот на Македонската Кошаркарска Федерација, Управниот одбор на својата седница одржана на ден 6.10.2022 година, го донесе следниот:

**ПРАВИЛНИК ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ**

**На Кошаркарската Федерација на Северна Македонија ЗА МЛАДИ КАТЕГОРИИ (МАЖИ И ЖЕНИ)**

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1.**

Со овој правлиник се регулираат правилата за организација, спроведување и раководење во сите степени на кошаркарските натпреварувања во млади категории, во Република Северна Македонија во организација на Кошаркарската федерација на Северна Македонија, (во понатамошен текст: КФСМ)

**Член 2.**

Овој правилник ги уредува основните прописи, за сите степени на натпреварувања во млади категории и претставува основа за решавање на сите прашања во однос на натпреварувањата. Кошаркарските натпреварувања во младинските лиги се организираат за:

* Кошаркари(ки), кои својата активност ја вршат аматерски.

**Член 3.**

Правата, обврските и одговорностите на учесниците во натпреварувањата, нивните меѓусебни односи, правата и должностите на службените лица на натпреварите, специфичноста на поедини натпреварувања, како и други прашања кои се однесуваат на натпреварувањето, кои се регулираат со посебни прописи: Пропозиции за натпреварување, кои мораат да бидат во согласност со одредбите од овој Правилник.

**Член 4.**

Раководењето со сите натпревари во рамките на системот на натпреварување на подрачјето на Република Северна Македонија е во надлежност на Управниот одбор на КФСМ. Извршувањето на оваа надлежност, Управниот Одбор на КФСМ, може да ја довери на соодветно Здружение за Млади-Комесар за натпреварување, за секој степен на натпреварување во млади категории, а се со цел внатрешно уредување на односите кои произлегуваат од натпреварувањата.

За непосредно водење на натпреварувањата во млади категории, Управниот Одбор на КФСМ назначува Комесар за натпреварување, кој раководи со натпреварувања-та во лигашкиот и турнирскиот систем на натпреварувањето на Република Северна Македонија, во сите млади категории на натпреварување.

**Член 5.**

Сите натпревари во млади категории, се играат согласно одредбите од Службените кошаркарски Правила издадени од Меѓународната Кошаркарска Федерација – FIBA, чие толкување ги дава Националниот FIBA – инструктор за Република Северна Македонија.

**Член 6.**

Комесарот за натпреварување изготвува Пропозиции за натпреварување, врз основа на одредбите од овој правилник, за сите степени на натпреварувања во млади категории на натпреварувачи во Република Северна Македонија. Комесарот за натпреварување изготвува и Деловник за работа на Комесарот за натпреварување. Пропозициите за натпреварување и Деловникот за работа на Комесарот за натпреварување, ги усвојува Управниот Одбор на КФСМ.

**Член 7.**

Клубовите се должни, да организираат здравствена заштита на играчите и тренерите.

**Член 8.**

Клуб чиј играч(и) учествува(ат) на официјално натпреварување во составот на било која репрезентација на Република Северна Македонија, има право да одложи првенст-вен(и) натпревар(и).

## II. СИСТЕМИ И КАЛЕНДАР ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ

**Член 9.**

Системот за натпреварување во млади категории на територијата на Република Северна Македонија, како и бројот на екипи учесници во секој степен на натпреварување-поединечно, на предлог на Комесарот за натпреварување и Стручниот совет (по пријава на клубовите за секој степен поединечно), го утврдува Управниот одборна КФСМ.

Пред конечното утврдување на Системот за натпреварување, се бара и мислење од страна на Здружението за млади - МКК, за секој степен на натпреварување – поединечно.

Одлуката за Системот за натпреварување, мора да биде донесена најдоцна пред почетокот на натпреварувачката сезона и истата ќе се применува, пред почетокот на тековната натпреварувачка сезона. Системот за натпреварување, се објавува како составен дел на Пропозициите за натпреварување**.**

**Член 10.**

Натпреварувањата за млади категории во организација на КФСМ се играат:

**10.1. По двокружен бод систем - лига,**

При двокружен бод систем секоја екипа еднаш е домаќин, а еднаш е гостин на теренот на противникот. Распоредот на натпреварите се составува на основ шемата добиена по т.н. „Бергер“, предвиден за одреден број на клубови,во зависност од бројот на екипипријавени за

секој лига – поединечно. Натпреварувачките броеви на клубовите, се добиваат по пласманот на екипите од претходната натпреварувачка сезона, за секој степен на натпреварување– поединечно, пред почетокот на утврдениот Систем и Календар за натпреварување.

**10.2. По еднокружен бод систем - турнир.**

Во случај да се играат повеќе натпревари за еден турнир, теренот може да биде одреден:

10.2.1. Согласно пласманот на екипите.

10.2.2.Согласно редниот број на екипите во групата,по нивното одредување.

10.2.3. Со посебна одлука на Комесарот за млади и КФСМ.

**Напомена:** Во точката 10.2.3 може да биде земено во предвид, популаризацијатана младата кошарка во одреден град и интерес за одредени субјекти спонзор(и), а во согласност со УО на КФСМ.

Во случај да се игра само еден (1) натпревар, теренот може да биде одреден:

10.2.4. Согласно пласманот на екипите.

10.2.5. По пат на ждрепка.

10.2.6. Со посебна одлука на Комесарот за натпреварување и КФСМ.

**Напомена:** Во точката 10.2.6 може да биде земено предвид, популаризцијатана младта кошарка во одреден град и интерес за одредени субјекти спонзор(и), а во согласност со УО на КФСМ.

**10.3. По Куп систем (двокружно),**

Екипите играат два (2) натпревари меѓу себе, еднаш на домашен и еднаш на теренот на противникот. Екипата која во двата натпревари ќе има подобар кош количник, ќе се смета за севкупен победник во тој одреден дуел, од предвидениот систем за натпреварување.

Теренот за одигрување на првиот натпревар, ќе биде одреден со ждреб или ќе биде утврден согласно пласманот на екипите во дотогашниот дел од натпреварувањето, при што подобропласираната екипа, има предност во однос на противникот.

Двата натпревара (дома и гости), се сметаат како еден со времетраење од осумдесет (80) минути. Доколку на крајот на првиот натпревар резултатот е нерешен, ќе се смета тој резултат како краен за првиот натпревар. Доколку на крајот на вториот натпревар, резултатот е нерешен по пат надодавањето на постигнатите поени од првиот, ќе се одигра(ат) продолжение(ја) согласно Правилата, за да се добие севкупен победник за двата (2) натпревари.

**10.4. Плеј-оф систем – разигрување (Финален Турнир – 4 екипи)**

Екипите играат меѓу себе потребен број на натпревари, утврден со Системот за натпреварување пред почеток на сезоната, по системот (1-4 и 2-3) при што победниците се пласираат на Финалниот натпревар за Државен првак на Република Северна Македонија, додека поразените екипи ќе одиграат натпревар за трето место на турнирот, за секој степен на натпреварување–

поединечно, при што се добива конечен пласман на екипите за тековната натпреварувачка сезона.

**Член 11.**

Календарот за натпреварување за секоја натпреварувачка сезона, на предлог на Комесарот за натпреварување и Стручниот совет на КФСМ, го утврдува Управниот Одбор на КФСМ. Пред конечното утврдување на Календарот за натпреварување се бара и мислење од страна на Здружението за млади - МКК, за секој степен на натпреварување – поединечно.

## III. ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАТПРЕВАРИ

**Член 12.**

Натпреварувањето во млади категории во системот на првенствени и турнирски натпревари, го спроведува Комесарот за натпреварување како надлежен орган за натпреварување, назначен од страна на Управниот одбор на КФСМ.

**Член 13.**

Комесарот за натпреварување во прв степен ги регистрира, натпреварите во ситестепени на натпреварување во млади категории, освен оние за кои е вложена жалба.

Натпреварите на кои е вложена жалба, ќе бидат регистрирани по донесување на одлука, по однос на жалбата.

**Член 14.**

Жалба на натпревар, се најавува со потпис на капитенот на екипата, во предвидени от простор на службениот записник од натпреварот. Дополнението на жалбата на натпреварот, се доставува до Комесарот за натпреварување.

**Член 15.**

Постапувајќи по жалбата, Комесарот за натпреварување може истата да ја усвои или одбие. Кога жалбата ќе се усвои, натпреварот се поништува и се одредува термин заодигрување на нов натпревар, натпреварот ќе се доигра или натпреварот се регистрира со службен резултат (2:0).

Кога жалбата ќе биде одбиена, Комесарот за натпреварување го регистрира натпреварот со постигнатиот резултат. Неблаговремената жалба, Комесарот за натпреварување ќе ја отфрли како неоснована.

**Член 16.**

Еднаш регистриран натпревар од страна на Комесарот за натпреварување, не може да биде поништен од истиот орган.

**Член 17.**

Против одлуката на Комесарот за натпреварување за регирстација на натпревар вопрв степен или по жалба на натпревар, дозволена е жалба до втор степен – Арбитражата на КФСМ, во рок

од три (3) дена, по добивање на првостепена одлука. Жалба на парична казна изречена од Комесарот за натпреварување, во износ до коефициент десет (10), не е дозволена.

На одлуката на Арбитражата, незадоволната страна има право на барање на заштита на законитост до Управен Одбор на КФСМ.

**Член 18.**

Со пропозициите за натпреварување, подетално се утврдуваат и должностите на организаторот, кои не можат да бидат во спротивност со одредбите на овој Правилник. Со пропозициите за натпреварување, подетално е одредена постапката за вложување на жалба, како и утврдувањето на роковите предвидени во случај на жалба.

**Член 19.**

За сите повреди на одредбите од Правилникот и Пропозициите за натпреварување, во прв степен одлучува Комесарот за натпреварување, кој може да изрече казни во сите случаи кога ќе се утврдат прекршоци на овој Правилник, Пропозициите за натпреварување и Дисциплинскиот правилник на КФСМ.

**Член 20.**

Натпревар кој не е одигран во закажаното време поради оправдани причини:

- Исклучување на електрична енергија,

- Исклучување или застој во јавниот сообраќај,

- Временска непогода, или

- „Виша сила“ ќе биде одигран во рок од 24 часа, доколку делегатот утврди дека тоа е можно.

Под поимот „виша сила“, се подразбира секој настан кој не можел да биде предвиден и кој настанал вон вообичаениот и редовен тек на настаните.

Со Пропозициите за натпреварување, се утврдуваат обврските на учесниците во натпреварувањето во однос на благовремено пристигнување на натпревар.

Доколку натпреварот е прекинат, поради дефект или неисправност на техничките уреди во салата, кои истовремено не можат да бидат отстранети или се последица на “виша сила“, натпреварот мора да се одигра во наредните 24 часа.

Прекинатиот натпревар поради една од горенаведените причини, ќе биде продолжен – доигран од моментот на прекинот, со постигнатиот резултат и преостанатото време за игра.

**Член 21.**

Клуб може да одложи одигрување на веќе закажан натпревар, доколку има оправдана причина за одложување, поткрепена со документи и доколку го стори тоа благовремено, најмалку пет (5) дена, пред првозакажаниот термин на натпреварот.

Во пократок рок од (3-5дена), е дозволено одлагање на натпревар, но само со:

- Аргументирана причина за одлагање на натпревар или промена на термин,

- Одобрение – согласност од противничката екипа,

- Одобрение од Комесарот за млади.

Не е дозволено одлагање на натпревар во временски рок помал од два (2) дена, освен:

- Доколку е јавно прогласена епидемија на болест од Градскиот, или Републичкиот епидемиолошки центар,

- Болест од која се опфатени најмалку шест (6) играчи од екипата која сака да го одложи натпреварот и тоа играчи кои се наоѓале на списокот на екипата на претходниот првенствен натпревар – (Потврда од Здравствена установа),

- Поклопување на термините за одигрување на два (2) натпревари на еден клуб, во различен степен на натпреварување и истиот мора да се одигра во тек на наредната недела пред одигрување на наредното коло.

## IV. ПЛАСМАН НА ЕКИПИТЕ

### Член 22.

Пласманот на екипите, се утврдува на основ на освоени бодови во текот на првенството, а бодувањето се утврдува врз основа на овој Правилник, Пропозциите за натпреварување и во согласност „Член– Бодување за натпревар“, од Службените кошаркарски правила на ФИБА.

Со Системот за натпреварување, се утврдува начинот за добивање на Државен првак на Република Северна Македонија, испаѓањето и пополнувањето на лигите, во сите степени на натпреварувањата во млади категории – поединечно.

### Член 23.

Зависно од успехот во натпреварувањето, екипите преоѓаат од понизок во повисок ранг и обратно. Екипа која на крајот на сезоната преминува во понизок ранг на натпреварување, не може во наредната сезона да се врати, односно да се натпреварува во истиот степен на натпреварување.

## V. ОРГАНИЗАТОР НА НАТПРЕВАР

### Член 24.

Организатор на натпревар е клубот кој игра на свој терен, или треба да игра на друг терен поради оправдани причини, кој мора да е регистриран за тој степен на натпреварување, од страна на комисија формирана од Комесарот за натпреварување.

Организаторот е одговорен за спроведување на организацијата на натпреварот во согласност со одредбите од овој Правилник, Пропозициите за натпреварување, Дисциплинскиот правилник на КФСМ и Законот за јавни собири.

Должностите на организаторот се утврдуваат со Пропозициите за натпреварување, кои не можат да бидат во спротивност со одредбите од овој Правилник.

## VI. ПРАВО НА НАСТАП

### Член 25.

На официјални првенствени натпревари, право на настап за одреден клуб имаат сите играчи, кои се правилно регистрирани за тој клуб и поседуваат пропишана лиценца за настап и се наоѓаат на список на одобрени играчи издаден од страна на Регистрациска комисија на КФСМ, како и уредно извршен лекарски преглед, кој е предуслов за добивање на лиценцата.

### Член 26.

Пред секоја натпреварувачка сезона, Управниот одбор на КФСМ ја утврдува старосната граница на играчи со право на настап, за секој степен на натпреварување во лиги и турнири во Млади категории – поединечно.

### Член 27.

Екипа која ќе настапи со играч, кој е неправилно, или воопшто не е регистриран, играч кој се наоѓал под суспензија или издржува одредена казна, го губи натпреварот со службен резултат (2:0) и не добива бод за тој натпревар (предвиден за пораз).

### Член 28.

Екипа која е казнета од било кои причини со забрана за настап, не смее да настапи и го(и) губи натпреварот(те) со службен резултат од (2:0) и не добива бод за тој(ие) натпревар(и) – (предвиден/и за пораз).

### Член 29.

Екипа која од неоправдани причини, нема да настапи на натпревар, го губи натпреварот со службен резултат (2:0) и не добива бод за тој натпревар (предвиден за пораз).

### Член 30.

Доколку екипата загуби два (2) натпревари со службен резултат во текот на една натпреварувачка сезона, автоматски се исклучува од натпреварувањето.

### Член 31.

Доколку екипа самоволно го напушти теренот за игра, пред истекот на времето за игра во регуларен дел на натпреварувањето, ќе биде исклучена од тековното натпреварување.

Доколку екипа самоволно го напушти теренот за игра, пред истекот на времето за игра, во разигрување (напредок или опстанок во лигата и Финален турнир, ќе биде исклучена од тековното натпреварување и ќе нема право да ја пријави својата екипа за следната натпреварувачка сезона во таа генерација.

**Член 32.**

Екипа која ќе се пријави за учество во одреден степен на натпреварување во лигата, а по одредување на групите, ќе се повлече без оправдана причина, ќе секазни со парична казна во износ од петнаесет илјади (15.000) денари или ќе нема право да ја пријави својата екипа за следните 2 натпреварувачки сезони во таа генерација.

Екипа која ќе се пријави за учество во одреден степен на натпреварување во лигата, а по одредување на групите и одигрување на еден (1) натпревар, ќе се повлече без оправдана причина, ќе се казни со парична казна во износ од триесет илјади (30.000,00) денари или ќе нема право да ја пријави својата екипа за следните 2 натпреварувачки сезони во таа генерација.

Екипа која самоволно нема да настапи во разигрување или на Финален турнир за Државен првак на Република Северна Македонија, ќе биде исклучена од понатамошниот тек на натпреваруње и ќе се казни со парична казна во износ од шеесет илјади (60.000) денари или ќе нема право да ја пријави својата екипа за следните 2 натпреварувачки сезони во таа генерација.

**Член 33.**

Доколку исклучената екипа, одиграла помалку од половина од предвидените натпревари во Системот на натпреваруње од кој што е исклучена, сите резултати кои ги постигнала дотогаш се поништуваат и сите натпревари се регистрираат со резултат (2:0 за Противниците) при што екипата не добива бод за тој натпревар (предвиден за пораз).

Доколку исклучената екипа, одиграла половина или повеќе од половина од предвидените натпревари во Системот на натпреварување од кој што е исклучена, сите одиграни натпревари ќе бидат регистрирани со постигнатиот резултат, додека сите предвидени натпревари до крајот на натпреварувањето ќе бидат регистрирани со резултат (2:0 за Противниците), при што екипата не добива бод за тој натпревар (предвиден за пораз).

**Член 34.**

Одредбите наведени во členovite 28, 29, 30, 31, 32 и 33 се применуваат и во случај, доколку екипата се откаже од понатамошното натпреварување.

Екипа која се откажала од натпреварувањето во одреден степен, во текот на самото натпреварување, нема право во истата натпреварувачка сезона да настапува во понизок степен на натпреварување.

**Член 35.**

Доколку делегатот и судиите донесат одлука за прекин на натпревар кој истовремено не може да биде продолжен поради нереди, натпреварот ќе биде регистриран (2:0) за гостинската екипа, при што домашната екипа не добива бод за тој натпревар (предвиден за пораз).

Во случај кога непобитно е утврдено дека до прекинот дошло по вина на гостинската екипа, во тој случај гостинската екипа го губи натпреварот (2:0) и не добива бод за тој натпревар (предвиден за пораз), а воедно нејзиниот терен ќе биде подлежен на казни предвидени од Пропозициите.

Натпревар кој е прекинат поради инцидент предизвикан од страна на играч или службено лице на натпреварот, ќе биде регистриран со резултат (2:0) во полза на екипата која не предизвикала прекин, а притоа противникот не добива бод за тој натпревар (предвиден за пораз).

**Член 36.**

Доколку навивачите и службените лица на обете екипи се виновни за прекин на натпревар, а воедно не постојат услови за продолжување, по одлука на делегатот и судиите на натпреварот, натпреварот ќе биде во целост презакажан во друг термин и на неутрален терен кој ќе биде одреден од Комесарот за натпреварување.

Трошоците за одигрување на натпреварот ќе бидат подеднакво распоредени помеѓу двата клуб (50%) кои се виновни за прекинот на натпреварот.

**Член 37.**

Кога натпреварот ќе заврши, пред истекот на времето предвидено за игра, поради тоа што едната екипа останала само со еден (1) играч на теренот, натпреварот ќе биде:

37.1. Натпреварот ќе биде регистриран со службен резултат (20:0 за противникот), доколку во моментот на прекинот екипата која останала со еден (1) играч на терен има резултатска предност, односно се наоѓа во водство.

37.2. Натпреварот ќе биде регистриран со постигнатиот резултат во моментот на прекинот, доколку екипата која имала повеќе од два (2) играча или комплетна екипа на теренот, се наоѓала во водство.

37.3. Во двата случаи екипата која останала со еден (1) играч на теренот добива бод за натпреварот, предвиден во случај на пораз.

**Член 38.**

Доколку Комесарот за млади по спроведена постапка, утврди дека одреден натпревар е лажиран, екипата(ите) учесник(ци) која(и) земала(е) учество при овој прекршок:

* Ќе биде исклучена од понатамошното натпреварување и

* Ќе се казни со забрана за настап од две (2) години во тој степен на натпреварување.

## VII. ДЕЛЕГАТ, СУДИИ И ПОМОШНИ СУДИИ

**Член 39.**

Службени лица на натпревар се: Делегат,судии и помошни судии.

Делегатот на секој натпревар, го претставува, органот кој го раководи натпреварувањето – Комесар за натпреварување.

Должност на делегатот на натпреварот, е да ја контролира примената на одредбите предвидени за одигрување на натпревар, а во соработка со судиите треба да обезбеди играта да се одвива во регуларни услови.

За првенствени и натпревари од разигрувањето, како и на Финалните турнири во млади категории, Комесарот за натпреварување, одредува делегати на натпреварите и тоа од листата на делегати усвоена од страна на УО на КФСМ.

За првенствените и натпревари од разигрувањето, како и за Финалните турнири во млади категории, Комесарот за натпреварување во соработка со преставник(ци) од судиските одбори (одредени) од СК на КФСМ, врши делегирање на судии и делегати за натпреварите, и тоа од листата на судии и делегати, усвоена од страна на УО на КФСМ.

За првенствените и натпревари од разигрувањето, како и за Финалните турнири во млади категории, службените лица (судии и делегати) кои се делегирани восениорска конкуренција, ќе мора да бидат делегирани на по еден (1) или два (2) натпревари во младинските лиги.

Во спротивно ќе бидат применети критериумите за казни од Пропозициите за натпреварување и Дисциплинскиот правилник на КФСМ.

Судиите се единствено овластени, за донесување на одлуки во врска со правилата на кошаркарската игра во време предвидено со Службените кошаркарски правила.

Помошните судии на првенствени и натпревари од Разигрувањето, како и за Финалните турнири во млади категории, ги одредува судискиот одбор од градот од каде е клубот, во случај на потреба истите можат да бидат делегирани од страна на СК при КФСМ, на барање на Комесарот за натпреварување.

На поедини натпревари, Комесарот за натпреварување во договор со СК при КФСМ и ФИБА Националниот инструктор за Р.Македонија, може да одреди посебна контрола на судењето за натпревар кој ќе процени дека има потреба.

## VIII. ФИНАНСИСКИ ОДРЕДБИ

### Член 40.

Секој кошаркарски клуб кој ги нема подмирено своите финансиски обврски (партиципација), изречени казни или други финансиски долгувања, евидентирани од Комесарот за натпреварување и КФСМ, за сите степени на натпреварување во млади категории каде што се натпреварувал клубот, а со завршувањето на тековната натпреварувачка сезона, истите долгувања ги нема подмирено, кошаркарскиот клуб не може да настапи, во ниеден степен на натпреварување во млади категории во следната натпреварувачка сезона, се додека не бидат регулирани сите финансиски обврски.

Екипите се должни паричните казни изречено по билтени, соопштенија или одлуки од страна на Комесарот за натпреварување или средствата предвидени за организација на натпреварувањето (партиципација), да ги уплатат на одредена жиро-сметка во рок од седум (7) дена, по добивање на известувањето и фактурата за финансиските обврски на клубот.

Доколку финансиските обврски на клубот не се подмират во предвидениот рок, клубот автоматски ќе биде суспендиран и нема право на настап, се додека не ги подрмири своите финансиски обврски.

При тоа, наптреваротот(те) ќе биде(ат) регистрирани со служ бен резултат (2:0) за противничкита екипа, а екипата не добива бод за натпреварот(ите) предвиден(и) за пораз.

Во случај кога двете (2) екипи ги немаат подмирено своите финансиски обврски, а истовремено треба да одиграат натпревар помеѓу себе, двете (2) екипи ќе бидат суспендирани до извршување на обврските, додека натпреварот ќе биде регистриран со службен резултат (2:0) против двете (2) екипи, при што двете (2) екипи не добиваат бодови за меѓусебниот натпревар предвиден за пораз.

Жалба во однос на изречена парична казна, согласно Пропозициите за натпреварување, НЕ го одложува нејзиното извршување.

## IX. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 41.**

Сите останати прашања кои не се регулирани со овој Правилник и Службените кошаркарски правила, ќе бидат регулирани со Пропозициите за натпреварување и актите на КФСМ и ФИБА.

**Член 42.**

Измени и дополненија на Правилникот за натпреварување, се вршат на начин и постапка како и при неговото донесување.

**Член 43.**

Толкување на Правилникот за натпреварување, дава Управниот одбор на КФСМ.

**Член 44.**

Правилникот за натпреварување стапува на сила со денот на неговото донесување, а ќе биде применуван од натпреварувачката сезона 2022/2023 година.

**Член 45.**

Се ополномоштува Комесарот за натпреварување, да го утврди и објави пречистениот текст на Правилникот за натпреварување.

Комесар за натпреварување, Претседател на КФСМ,

Александар Милојевиќ Перо Антиќ